Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-561/4
26-11-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-561/1 од 16.08.2024 година поднесена од [redacted] во име на лицето [redacted] од Штип, со седиште на [redacted] во Брисел, Белгија, против Друштво за производство трговија и услуги [redacted] Штип, со седиште на [redacted] во Штип, за сторена дискриминација врз основа на национална или етничка припадност и боја на кожа во областа на пристапот до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** сторена од страна на [redacted] Штип – Трговски центар врз лицето [redacted] врз основа на национална или етничка припадност и боја на кожа во областа на пристапот до добра и услуги.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**") поднесена е претставка заведена под архивски број 08-561/1 од 16.08.2024 година од страна на [redacted] (понатаму [redacted], во име на лицето [redacted] Штип, против [redacted] Штип – Трговски центар Штип.

Имено, на ден 01.08.2024 година, околу 14:20 часот, лицето [redacted] заедно со лицата [redacted] двајцата со место на живеење во Германија, се упатиле кон кафулето [redacted] во Трговскиот центар во Штип. По пристигнувањето, седнале во надворешниот дел на кафулето, каде што во тој момент се наоѓале околу дваесетина други гости. Без да се приближи до подносителот и другите лица, келнерот – вработен во наведениот локал, оддалеку им упатил барање да ја напуштат масата. Оваа постапка предизвикала внимание кај другите гости во кафулето, кои се свртеле кон подносителот и лицата дојдени со него. Подносителот, чувствувајќи се засрамен, побарал објаснување за причината за таквото однесување на што келнерот му одговорил дека причината била несоодветниот начин на облекување, односно носењето "влечки", кои подносителот ги идентификувал како кожени сандали. Келнерот му објаснил дека според правилата на кафулето, не е дозволено носење "влечки", по што подносителот му одговорил дека повеќето од присутните гости (околу 80%) носат отворени обувки и го


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

прашал како би требало да се облече во летниот период. Келнерот, не сакајќи да продолжи со дискусијата, му одговорил дека така му било наредено од сопственикот. Дополнително, подносителот забележал дека во објектот, како гости, само тој и лицата со кои бил дојден биле Роми. Воедно, по упатеното укажување да го напуштат локалот, четворица други гости, изразувајќи незадоволство од постапувањето на келнерот, побарале сметка и го напуштиле кафулето. По ова, подносителот и неговите придружници се упатиле во друго кафуле, каде што биле срдечно пречекани и услужени.

Подносителот наведува дека ова не е изолиран случај на дискриминација на лица од ромска етничка припадност во кафулето. Имено, на ден 06.04.2024 година околу 15 часот, на лицата [redacted] од Штип им бил оневозможен пристап до услугите на истоименото кафулето кое се наоѓа во трговскиот центар „Сити Мол“ за што исто така била поднесена претставка до Комисијата.

<u>Подносителот во прилог ги достави следните докази:</u>

1. Прилог од М НЕТ ХД (линк: https://fb.watch/tYr5v4F418/)
2. Лајв стрим од сограѓанин (линк: [redacted]

Дополнително, подносителот приложи и **линкови од веб-портали кои се однесуваат на слични случаи каде Ромите немале пристап до јавни добра и услуги:**

1. https://novatv.mk/helsinki-prilepsko-kafule-diskriminiralo-romi-na-etnichko-osnova/
2. https://a1on.mk/macedonia/vtornik-samo-za-romi-bazen-vo-shuto-orizari-so-natpis-diskriminiral-vrz-osnova-na-etnichka-pripadnost-i-boja-na-kozha/
3. https://lider.mk/protest-vo-prilep-romite-se-zalat-na-diskriminacija-ne-im-bil-dozvolen-vlez-na-bazen/
4. https://lider.com.mk/makedonija/bitolskiot-sud-donese-presuda-protiv-bazen-zaradi-diskriminacija-na-romi/
5. https://vecer.mk/uncategorized/%D0%BC%D0%B5%D0%BA%D0%B4%D0%BE%D0--%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B4%D1%81%D1%82%1%83%D0%B6%D0%B5%D0%BD-%D0%BF%D0%BE%D1%80%D0%B0%0%B4%D0%B8-%D0%B4%D0%B8%D1%81%0%BA%D1%80%D0%B8%D0%BC%D0°0%BD%D0%B0%D1%86/

Во оваа насока, од страна на Европскиот центар за права на Роми е наведено дека ваквата пракса на кафулето [redacted] е дискриминаторска и промовира нееднаков однос кон припадниците на ромската заедница врз основа на етничка припадност и боја на кожа.

На ден 11.09.2024 година, Комисијата испрати Барање за произнесување по наводите во претставката, заведено под број 08-561/2, до [redacted] Штип, по што на ден 20.09.2024 година, во Комисијата е пристигнато произнесување од страна на [redacted] Штип, преку адвокат [redacted], со седиште на [redacted] во Штип, заведено под број 08-561/3.

Во произнесувањето е наведено дека поднесената претставка е во целост неоснована, дека принципот на работа го определува тимот на менаџери и одговорното лице во правното лице и дека истиот е усогласен согласно потребите и можноста на работа на вработени во угостителските објекти и можноста за прием на гости, а согласно расположливиот капацитет на локалот. Понатаму се наведува дека кафулето [redacted] има донесено Дрес-код, односно Правилник за облекување за посетителите на објектот, кој е обврзувачки и треба целосно да се почитува од страна на сите гости. Според наведеното, во двата локали се поставени императивни забрани во однос на кодексот на однесување и дрес кодот за облекување. Поточно, се нагласува дека влез во кафулето е забранет за посетители кои носат сандали, односно "влечки".

Во продолжение на произнесувањето, се наведува дека кон подносителот е постапено согласно правилата утврдени со кодексот на однесување и дрес кодот на [redacted] и дека таквата постапка не била насочена кон повреда на неговата чест и углед, туку кон спроведување на внатрешните правила на објектот.

Дополнително, во произнесувањето е наведено дека доколку се појави потреба за докажување во парнична постапка, [redacted] ќе достави писмени докази, како и голем број сведоци, со цел да се докаже дека кодексот на однесување и дрес кодот се применуваат еднакво на сите посетители, без исклучоци. Во оваа насока, се истакнува дека во објектот досега биле вработени лица и настапувале артисти од различни националности, а настаните во кафулето редовно биле посетувани од Македонци, Турци, Власи, Роми, Срби, Албанци и други етнички групи. Одлуката за дрес кодот, според [redacted] е резултат на волјата на тимот кој управува и работи со угостителскиот објект.

По увид во наводите од претставката, произнесувањето по истата и приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 01.08.2024 година, лицето [redacted] со уште две лица се упатиле во кафулето [redacted] во трговскиот центар во Штип. Откако седнале во кафулето, им било упатено барање од вработениот – келнер во локалот да ја напуштат масата со образложение дека поднсителот бил несоодветно облечен, односно носел “влечки”. Понатамошната комуникација со келнерот не довела до решавање на ситуацијата, при што подносителот забележал дека единствените гости Роми во кафулето биле тој и двете лица со кои бил дојден. Притоа, повеќето од присутните гости, исто така, носеле отворени обувки. Поради оваа постапка на келнерот, неколкумина останати присутни посетители  го напуштиле локалот. Во одговор на претставката, [redacted] Штип доставено преку адвокат [redacted], наведе дека трговското друштво има донесено Дрес-код кој важи за сите гости, при што носењето сандали (или влечки) е забрането и во конкретниот случај постапката немала за цел повреда на честа и угледот на посетителите меѓу кои подносителот на претставката.

**Притоа, во одговорот доставен од полномошникот на [redacted] Штип, не е доставен ниту еден доказ, односно аргумент кој би го поткрепил ова тврдење (како што се правилникот за облекување или објавени информации за дрес кодот). Воедно не беа доставени ниту писмени докази ниту сведоци кои би ја потврдиле примената на овој Дрес-код на сите гости, вклучувајќи ги и лицата на кои им е оневозможен пристапот до овој угостителски објект.**

Следствено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај од страна на [redacted] Штип, врз лицето [redacted] е сторена директна дискриминација врз основа на етничка припадност и боја на кожа во областа на пристапот до добра и услуги. Наведеното претставува акт на дискриминација онака како е утврдена во член 6 од Закон за спречување и заштита од дискриминација според кој ***дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други***, а во врска со член 5 од истиот закон согласно **кој** ***се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа*** и член 8 став (1) од истиот закон според кој ***директна дискриминација постои кога со едно***

***лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.***

Во таа смисла согласно член 21 став (1) точка 14, а во врска со член 27 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги дава следните

## ПРЕПОРАКИ

СЕ ПРЕПОРАЧУВА [redacted] Штип да упати официјално, писмено извинување до лицето [redacted] за сторената дискриминација која довела до повредата на неговото достоинство, чест и углед, како и повреда на правото на еднаков третман **и за истото писмено да ја ивести Комисијата во рок од 30 дена од денот на приемот на ова мислење.**

СЕ ПРЕПОРАЧУВА [redacted] Штип **да ја надомести штетата во договор помеѓу странките или во судска постапка во рок од 3 (три) месеци од денот на приемот на ова мислење и за истото писмено да ја извести Комисијата**.

[redacted] Штип треба да го исполни препорачаното, а доколку не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на надлежностите од член 27 став (4) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје,
08.11.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

<u>Доставено до:</u>
- [redacted]
- Архива на КСЗД

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk